Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 18, 1 април 2009 година

април 2009 година
Штип

СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на насловен вонреден професор по предметот Генетика на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 3

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Криминологија“ од авторот проф. д-р Стеван Алексоски ........ 12

**РЕЦЕНЗИЈА** на книгата „Криминологија“ од авторот проф. д-р Стеван Алексоски ........ 14

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев” – Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, дипл. правник Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА РАКОПИСОТ „КРИМИНОЛОГИЈА“ ОД АВТОРОТ**
**ПРОФ. Д-Р СТЕВАН АЛЕКСОСКИ**

Со Одлука бр. 1602 - 46/7 на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, донесена на седница одржана на 10 март 2009 година, определен сум за рецензент на ракописот со наслов „Криминологија“ од авторот проф. д-р Стеван Алексоски.

Внимателно го проучив понудениот ракопис и во врска со ова на Наставно-научниот совет на Правниот факултет му го поднесувам следниов

**И З В Е Ш Т АЈ**

**Опис на ракописот**

Ракописот со наслов „Криминологија“, од авторот проф. д-р Стеван Алексоски, се состои од текст во обем од 317 страници, напишани со компјутерска техника. Текстот е илустриран со графички прикази (скали, формули, табели и шеми), кои на многу пластичен начин го објаснуваат и илустрираат материјалот поврзан со феноменолошката и друга проблематика.

Текстот е поделен во четири дела, кои се состојат од повеќе глави и поглавја, логично распоредени според содржината што се третира.

Првиот дел носи наслов *„Воведување во криминологијата, предмет, историски развој и теоретски концепти за криминолошката научна мисла“* (од стр. 3 - 50). На ова место од текстот авторот Алексоски првенствено разработува некои општи и историски одредници на криминологијата како самостојна наука.

Така, во првиот дел од ракописот се поместува материјал поврзан со дефинирањето на поимот и определувањето на предметот, задачите и односот на криминологијата со другите науки (казнено-материјално и казнено-процесно право, криминална психологија, криминална политика, криминалистика, пенологија, виктимологија), а се дава и историски пресек на досегашниот развој на криминолошката научна мисла во светот.

Одделно се разработуваат разни етиолошки теории за криминалитетот, со нагласен акцент на психолошките, односно на социопсихолошките теории.

Посебно внимание им се посветува на класификацијата и поделбата на деликвентите.

Во главата со наслов *„Развој на криминолошката научна мисла во Република Македонија“* се дава фрагментарен пресек на историскиот развој на криминологијата (иако, на пример, е прилично сиромашна криминолошката учебничка литература кај нас, не се опфатени неколкуте изданија на нашиот најплоден криминолошки автор, проф. д-р Зоран Сулејманов), во што се вклучуваат и референции од други научни области (социјална патологија, пенологија).

Вториот дел (стр. 51 - 90) од ракописот *(„Општи и посебни методи и методолошки постапки за проучување на криминалитетот и деликвенцијата“)* целосно им е посветен на теоретските и практичните проблеми на криминолошката методологија. На ова место им е отстапен простор на истражувачкиот инструментариум и на истражувачките техники, а се наведуваат и примери за спроведување определени истражувачки постапки, особено во случаите кога станува збор за психолошки емпириски истражувања на криминалниот феномен.

Третиот дел од ракописот (91- 210) носи наслов *„Криминална етиологија“.* Овде авторот Алексоски ја разработува криминогенезата на криминалитетот како општествена и индивидуална појава, задржувајќи се притоа на најзначајните фактори и влијанија што придонесуваат за појавување и егзистирање на криминалитетот и на деликвенцијата во целост. Притоа одделно се прикажани и објаснети: личноста на деликвентот како ендоген фактор на криминалитетот; значењето на мотивите и мотивацијата; цртите на личноста што се од значење за објаснување на криминалитетот; криминогеното значење на темпераментот, карактерот, интелигенцијата и на емоциите; криминалната психа; значењето на психичките процеси за криминалната етиологија.

Во четвртиот дел од ракописот (стр. 211- 317), кој е насловен како *„Криминална феноменологија“,* се разработува проблематика поврзана со феноменолошките карактеристики на криминалитетот (обем, структура, динамика, дистрибуција, распределба на криминалитетот на релацијата село - град и др.). Притоа одделно се разработуваат следниве појавни форми на криминалитет: малолетнички, имотен, стопански, компјутерски, насилнички, политички, организиран, сообраќаен, сексуален, туристички, еколошки.

**КОНСТАТАЦИИ И МИСЛЕЊЕ**

Ракописот „Криминологија“ од авторот проф. д-р Стеван Алексоски претставува своевидно „освежување“ во сиромашната криминолошка учебникарска литература кај нас, особено во поглед на тоа што авторот како доминантна ја протежира психолошката димензија на истражувањето на криминалитетот како индивидуална и општествена појава со негативен предзнак, што досега не било случај во домашната криминолошка теорија. Разработена е материја што тангира значајни теоретски и практични прашања од областа на криминологијата.

Релативно скромното ретроспективно разработување на севкупните дострели на криминолошката наука во Република Македонија (штур приказ на: монографските и позначајните публицистички остварувања; научноистражувачката работа итн.) воопшто не претставува пречка ваквиот најнов теоретски потфат на колегата проф. д-р Стеван Алексоски да си најде свое место во сè уште скромната македонска криминолошко-теоретска ризница.

**ЗАКЛУЧОК**

Тргнувајќи од горекажаното позитивно мислење, препорачувам трудот **„Криминологија“** од авторот проф. д-р Стеван Алексоски да се објави и да се користи како универзитетски учебник по наставниот предмет **Криминологија.**

Скопје, 31.3. 2009 година

**Рецензент**

**Проф. д-р Методија Ангелески**